РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 01-2215/1
12. 11. 2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен гласник на Република Македонија бр.05/02) и член 71 став 1 алинеа 16 од Статутот на Општина Ресен (Службен Гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2015, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) Градоначалникот на Општина Ресен донесе

# Правилник

## за начинот за користење, управување и одржување на службени возила на Општина Ресен

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на користење на службените моторни возила на Општина Ресен, нивното одржување и надзор над користењето од страна на Градоначалникот и општинската администрација на Општина Ресен.

**Член 2**

Под службени возила се подразбираат сите возила кои се купени од страна на Општината и се во нејзина сопственост , земени на користење на лизинг или добиени на користење од друга државна институција.

**Член 3**

Службените возила смеат да се користат исклучиво за службени цели и не е дозволено нивно користење за лични потреби на службените лица ниту пак од нив да имаат корист други институциите кои не се во состав на општината.

**Член 4**

Возилата се користат само за службени потреби за превоз на Градоначалникот и вработените во општинската администрација на Општина Ресен, до и од надлежната институциа заради реализирање на службени активности во земјата и странство, како и за извршување на секојдневни службени работи, предавање и разнесување на пошта, материјали и опрема, обуки, превезување на гости и делегации, учество на работни состаноци и други работи кои се предвидени согласно закон. Градоначалникот има право на 24 часовно користење на службеното возило, со или без возач за службени потреби.

**Член 5**

Службеното возило смее да се управува само доколку е технички исправно и регистрирано, управувањето со возилото може да се врши во рамките на работното време на Општина Ресен, а по исклучок и вон работното време поради службени работи.

За секое користење на возилото се издава патен налог во писмена форма кој ги содржи следниве податоци:

- Вид на возилото и регистарски број
- Име на лицето кое го користи возилото
- Релација на патувањето
- Цел на патувањето,
- Време на поаѓање и враќање
- Почетна и крајна километража.

Корисникот го доставува патниот налог за службеното патување до Сектор за финансиски прашања, заедно со документите од патарина, паркинг и слично.

**Член 6**

Во вршењето на работните обврски, возачите на службените возила треба:

- да го чуваат службеното возило со кое управуваат и да водат сметка за неговата техничка исправност и хигиена ,
- правилно да ракуваат со службеното возило и редовно да преземаат мерки за основно одржување на истото, согласно техничкото и фабричкото упатство на службеното возило,
- да се грижат за ефикасна и економична употреба на службеното возило водејќи сметка за штедење на горивото
- да учествуваат во извршување на технички прегледи на службеното возило,
- да ги почитуваат општите и посебните правила во сообраќајот,

- да се грижат за уредно внесување на податоците за работа и употреба на службеното возило во патниот налог.

**Член 7**

Службените возила на Општина Ресен ставаат гориво на бензиска станица на економски оператор кој е избран во постапка на јавна набавка.

**Член 8**

Плаќањето на горивото за потребите на Општина Ресен се врши по фактури. Во возилата можат да полнат гориво Градоначалникот на Општина Ресен, овластени административни службеници, вработени лица во Општина Ресен со посебни овластувата од Градоначалникот и возачите во општинската администрација.

**Член 9**

Трошоците за патарина, паркинг и слично се надоместуваат врз основа на приложена фискална сметка или друга соодветна документација која се доставува како дел од издадениот патен налог и се доставуваат до Секторот за финансиски прашата на Општина Ресен.

**Член 10**

Општинската администрација на Општина Ресен води евиденција за патни и дневни трошоци и издава налог за користење на службените патнички автомобил за службени потреби.

Неовластено и неправилно користење на службените возила на Општина Ресен, како и непочитување на одредбите на овој Правилник претставува кршење на работната дисциплина и повлекува дисциплинска одговорност.

**Член 11**

За се што не е наведено во ово Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**ОПШТИНА РЕСЕН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
ЈОВАН ТОЗИЕВСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН